Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Рок на чување: ____ год.
____ 20__ год.
Потпис,

# **ЗАПИСНИК**
## **за извршен инспекциски надзор**

**Ип 1 бр. 57-32**
**Датум: 15.4.2022 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Здружение за туризам, екологија, спорт и култура СОЛЕИНА – Тетово **(во натамошен текст: Здружение)** | | |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Плоштад Маршал Тито“ бр.1 – Сини /Кристал, Тетово | | |
| Адреса за е-пошта | soleina.ngo@gmail.com | | |
| Телефон | (071) 388-868 | | |
| Матичен број на субјектот | 6489796 | | |
| Даночен број на субјектот | 4028009509603 | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | | |
| Банка депонент | ХАЛКБАНК АД Скопје | | |
| Одговорно лице на субјектот: | | | |
| Име и презиме, претседател | | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **<u>2. ВОНРЕДЕН</u>** | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.4.2022 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 15.4.2022 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 14.00 | |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши | НИП „Нова Македонија“ службени простории на Сектор за управен и инспекциски надзор - Скопје | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| надзорот | |
| Приоритетна дејност на субјектот каде се врши надзорот | Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место (шифра:94.99) |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј " бр. 54 – Скопје |

3) Инспекциски надзор е извршен врз основа на:

-Налог Ип.1 бр. 57-32 од 6.4.2022 г., издаден од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК – главен инспектор, а во врска со иницијативата бр. 22-3046/1 од 14.3.2022 г., од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста во МК.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: Верица Станкова, советник - инспектор во Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип.1 бр. 57-32 од 8.4.2022 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19), а поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите за работа, Записникот е дополнително составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

4) Предмет на вонредниот инспекциски надзор, којшто е планиран со Месечниот план за работа дел. бр.57-49/4 од 5.4.2022 г., на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за м.април е во однос на спроведувањето на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата, доделени од Буџетот на Р. Северна Македонија, преку Министерството за култура за учество во финансирање на проектот „Култ Арт Тетово 2021" согласно со Договорот бр. 21-5673/1 од 5.5.2021 г., од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарна дејност за 2021 година и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот/проектите до МК да биде доставен извештај за реализација, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-страницата на МК), договори, сметки,


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).

5) **Основ:** член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), и член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор: не употребена Листата за проверка.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме, [redacted] претседател | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | [redacted] | [redacted] |

8) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на претставникот на субјектот на надзор му ги презентира целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објаснија правата и обврските на субјектот на надзор.

9) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните **наоди за утврдената фактичка состојба:**

-Видно од апликацијата/пријавата Уп1. 21-3598 од 12.11.2020 година, Здружението конкурирало до Министерството за култура со Проектот „Култ Арт Тетово 2021" (со вкупно побаран буџет за истиот од 1.800.000 денари) од областа на Интердисциплинарна дејност а со Решението за прифаќање на проектот Уп1. 21-3598/2021 од 23.2.2021 година, бил избран Проектот „Култ Арт Тетово 2021" како проект од национален интерес во културата за 2021 година и се доделени средства за истиот во износ од 150.000 денари.

- Согласно со член 3 став (1) од Договорот според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

(авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, Здружението на 16.4.2021 г. до МК има доставено БАРАЊЕ за исплата на средства, заведено со приемен штембил на МК под бр. 21-4608/1 од 21.4.2021 година за исплата на дел од средствата во висина од 70% за реализација на проектот, во прилог со пополнет ОБРАЗЕЦ за оперативен и финансиски план од 19.4.2021 г., со којшто се предвидени следниве трошоци во вкупен износ од 150.000 денари (трошоци за промотивни материјали-дизајн и печатење на промотивен материјал 30.000 денари,организациски трошоци 80.000 денари и патни трошоци 40.000 денари).

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на Проектот (забелешка: според членот 5 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2021 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2021 г.), до МК да биде доставен **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на Проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банкови изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, утврдено е дека Здружението до МК има доставено Наративен и финансиски извештај за реализација на Проектот „Култ Арт Тетово 2021“ заведено со приемен штембил на МК под бр. 21-12018/1 од 12.10.2021 година, што значи дека Здружението ја има исполнето оваа обврска согласно член 5 став (1) од Годишниот договор.

**Користење на одобрените средства**

**(Програма – Интердисциплинарна дејност)**

Согласно со Годишниот договор бр. 21-5673/1 од 5.5.2021 г., за учество во финансирање на Годишната програма за работа од национален интерес во културата за 2021 г., од Буџетот на РСМ, преку МК на Здружението му биле одобрени 150.000 денари а со Решение бр.21-5673/2 од 25.6 2021 г., авансно преведени се 105.000 денари за реализација на Проектот **„Култ Арт Тетово 2021“ (патни трошоци, организациски трошоци и промотивни материјали)**.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

При надзорот беше утврдено дека Здружението покрај средствата од МК, имало и сопствени средства за реализација на Проектот во износ од 200.000 денари.

Трошењето на средства во износ од **105.000 денари**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| **Ред. бр.** | **Доверител** | **Намена** | **Износ** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Јон Медиа" ДООЕЛ Тетово | Печатење на промотивни материјали за 4 настани, дизајн на промотивни материјали | 30.000 | По ф-ра бр.021/21-Ф од 12.7.2021 г (Банковен извод бр.2 од 15.7.2021) |
| 2. | ТП „Адриатик-Кица" Тетово | Изнајмување на простории за 4 настани – организациски трошоци | 35.000 | По дел од ф-ра бр.003-07/2021 од 9.7.2021 г (Банковен извод бр.2 од 15.7.2021) |
| 3. | | материјали трошоци за патни трошоци – набавка на гориво на релација Тетово-Струга,Тетово-Куманово, Тетово-Кичево, Тетово - Скопје | 40.938 | Подигнато од жиро сметка за набавка на гориво (со прилог сметко потврди и патни налози за 2 лица) (Банковен извод бр.2 од 15.7.2021)- |
| | **Вкупно: исплатени средства 105.000 денари** | | **105.938 денари** | Износот над одобрените средства е од сопствени извори |

Здружението го реализирало горе наведениот проект (кој се содржел од 4 настани и тоа: 1.Тркалезна маса – Фолклорот како можност за негување на културниот идентитет на 11.9.2021 г., 2. Работилница за староградска тетовска музика на 12.9.2021 г., 3.Децата и музиката-работилница за детска музика на 13.9.2021 и 4.Изложба на ликовниот уметник на 13.9.2021) во Просториите на ТП „Адриатик-Кица" во Тетово лоциран на плоштадот Маршал Тито бр.1 Сини/Кристал (во период од 11.9.2021 до 13.9.2021) во присуство на познати фолклористи од Тетово и Тетовско, професори и раководители на културно уметнички друштва, ликовен уметник, музиколози, пеачи и музичари а за истото

беа презентирани фотографии од настанот, промотивен матерјал (испечатени флаери) како доказ за одржаниот проект како и покана/известување (преку електронска форма) доставена до Министерството за култута – Одделение за интердисциплинарна дејност од 27.8.2021 година која на денот на надзорот беше презентирана на инспекторот.

При надзорот од страна на присутното лице по основ на ненамирени обврски за проектот во износ од 45.000 денари беше презентирана следнава документација:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | ТП „Адриатик-Кица" Тетово | Изнајмување на простории за 4 настани – организациски трошоци | Доисплата на ф-ра бр.003-07/2021 од 9.7.2021 г., во износ од 15.000 денари |
| 2. | ТП „Момент Евентс" Тетово | Организациски трошоци за уредување на простории, озвучување, изнајмување, маси и столици | По ф-ра бр.1001/2021 од 9.7.2021 година во износ од 30.000 денари |
| | | **Вкупно:** | **45.000 денари** |

Имено, при надзорот е утврдено дека Здружението го реализирало проектот **„Култ Арт Тетово 2021"** а авансно преведените средства во вкупен износ од 105.000 денари ги потрошило наменски.

Оттука, имајќи предвид дека врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор не се констатирани неправилности во работењето на Здружението од аспект на примена на Законот за култура, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.

10) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

11) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: НЕМА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис претставникот на субјектот на надзор: [redacted] | [redacted] претседател | Печат и потпис на инспекторот за култура: | Верица Станкова |
| Датум: | 12.04.2022 г. | Датум: | 15.4.2022 г. |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk